International Labour Organization

# Светот на работата без вознемирување и насилство

Конвенција 190 и Препорака 206

#RATIFY C190

International Labour Organization

# Конвенција 190 и Препорака 206

## Дел 1

International Labour Organization

- Конвенцијата 190 е обврзувачки меѓународен договор. Донесена е во јуни 2019 г., во рамки на Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот.
- Владите што ќе ја ратификуваат К190 ќе треба да донесат соодветни закони или мерки за да го спречат или да се справат со насилството и вознемирувањето во светот на работата.
- К190 е историска можност за обликување на светот на работата базирано на достоинство и почит.



# Конвенцијата бр. 190 и Препораката бр. 206 се меѓународни стандарди на трудот

- Конвенцијата е обврзувачки меѓународен договор што ги обврзува земјите-членки што ќе ја ратификуваат.

- Препораката дава насоки за спроведување на Конвенцијата.



# Зошто е потребна К190?

- Насилството и вознемирувањето претставуваат повреда или злоупотреба на човековите права.
- Насилството и вознемирувањето може да наштетат на здравјето, достоинството и добросостојбата на работа.
- Насилството и вознемирувањето ги загрозуваат еднаквите можности; не се прифатливи и не се во согласност со принципите на достоинствената работа.
- Оневозможуваат луѓето, а особено жените, да пристапат, останат и да напредуваат на пазарот на трудот.
- Работната средина во која нема насилство и вознемирување е попродуктивна.
- Претпријатијата што се грижат за добросостојбата на работниците се посигурни, и од социјален и од финансиски аспект.

**Светот на работата без насилство и вознемирување е подобар за секого.**

International
Labour
Organization

**„За првпат, правото на свет на работата без насилство и вознемирување е преточено во меѓународен договор. За првпат, постои јасна и заемно прифатена рамка за спречување и справување со насилството и вознемирувањето, која се базира на инклузивен, интегрирачки и родово-респонзивен пристап.“**

*Гај Рајдер*
*Генерален директор на МОТ*



International Labour Organization

ITUC CSI IGB

**„Ратификацијата на К190 и нејзиното ефективно спроведување, заедно со П206, му обезбедува на секој работник право на свет на работата без насилство и вознемирување. Без оглед на договорниот облик, дали работат во формална или неформална економија или во рурална или урбана средина“.**

*Шаран Бароу*
*Генерален секретар*
*Меѓународна конфедерација на синдикати*



International Labour Organization

IOE A powerful and balanced voice for business 100 1920/2020+1

**„Елиминирањето на насилството и вознемирувањето на работното место нè обединува сите, владите, работодавачите и работниците. Заедно, може да осигуриме работни места што ќе бидат безбедни, ценети и инклузивни.“**

*Роберо Суарез Сантош*

*Генерален секретар*
*Меѓународна организација на работодавачи*



# К190 ги дефинира насилството и вознемирувањето

Неприфатливо однесување и практики, или закани, без оглед дали еднократни или повторени, коишто имаат за цел, резултираат со или може да доведат до физичка, психолошка, сексуална или економска штета, и вклучува родово-базирано насилство и вознемирување.

(член 1(1)(а) К190)



# Родово-базирано насилство и вознемирување

- Насилство и вознемирување насочени кон одредени лица поради нивниот пол или род, или кои непропорционално повеќе засегаат претставници од одреден пол или род.

- Родово-базираното насилство непропорционлно повеќе ги засега жените и девојчињата.

- Од суштинско значење е да се решат причините што водат до родово-базирано насилство и вознемирување.



# Кој е заштитен?

Конвенцијата се однесува на сите сектори, приватен и јавен, на формалната и неформалната економија, урбаните и руралните средини.

Конвенцијата ги штити работниците и другите лица во светот на работата:

- Вработените согласно националното законодавство и практика
- Лицата што работат, без оглед на договорниот статус
- Лица што посетуваат обука, вклучувајќи практиканти и стажанти
- Работници на коишто им е прекинат работниот однос
- Волонтери
- Баратели на работа и апликанти за работа
- Поединци што имаат овластување, должност или одговорност на работодавач

**Конвенцијата бара од земјите-членки да го земат предвид насилството и вознемирувањето што вклучуваат трети страни, каде што е применливо, при носење инклузивен, интегрирачки и родово-респонзивен пристап**

# Каде и кога?

Насилството и вознемирањето што се случува во текот на, е поврзано со или произлегува од работата

- Работното место
- Јавни и приватни простори што претставуваат работни места
- Места каде што работникот е платен, одмора или јаде оброк
- Санитарии, бањи, тоалети, гардероби
- Службени патувања, патувања, обуки, настани или социјални активности
- Комуникација поврзана со работа
- Сместување обезбедено од работодавачот
- Патување од и до работа

# К190: Клучни принципи

- Почитување, унапредување и остварување на правото на секој човек на свет на работата без насилство и вознемирување.
- Прифаќање инклузивен, интегрирачки и родово-респонзивен пристап
- Препознавање на различните и комплементарните улоги и функции на владите, работодавичите и работниците, имајќи ги предвид различната природа и опсег на одговорности
- Почитување, унапредување и спроведување на основните принципи и права на работа и унапредување на достоинствената работа
- Осигурување на правото на еднаквост и недискриминација, вклучувајќи ги работничките, како и ранливите групи или групите што се непропорционално повеќе засегнати од насилство и вознемирување во светот на работата

# К190 промовира инклузивен, интегрирачки и родово-респонзивен пристап

Заштита на лицата во сите сектори, формална и неформална економија, во урбаните и руралните области

Решавање на насилството и вознемирувањето преку закони и политики за труд, еднаквост, недискриминација, БЗР, миграција и кривично право

Решавање на дискриминацијата, злоупотребата на моќ и родовите норми што го поддржуваат насилството и вознемирувањето, и ублажување на неговите штетни влијанија

Препознава различни и комплементарни улоги и функции на владите, работодавачите и работниците, имајќи ја предвид различната природа и опсег на нивните одговорности во осигурувањето пристап до информации, алатки и обука

# Домашното насилство влијае врз светот на работата

Со инструментите се бара од земјите-членки да:

**Конвенција 190**

- ги препознаат и признаат ефектите
- каде што е разумно изводливо, да го ублажат влијанието

**Препорака 206**

- Оправдано отсуство за жртвите
- Флексибилност во работните аранжмани
- Привремена заштита од отпуштање
- Вклучување на домашното насилство во процената на ризикот на работното место
- Подигнување на свесноста

# К190 повикува на...

- Мерки за спречување и заштита
- Ефективно спроведување и правни лекови
- Обука и насоки
- Конкретни мерки за спречување на родово-базираното насилство и вознемирување
- Соработка меѓу владите, организациите на работодавачи и на работници

# Спречување и заштита

- Дефиниција и забрана
- Идентификување групи, сектори, занимања или работни аранжмани коишто се поизложени на насилство и вознемирување и признавање на важната улога на јавните органи во случај на работници во неформална економија и спроведување мерки за заштита на тие работници
- Носење политики за работното место
- Воведување на насилството и вознемирувањето во безбедноста и здравјето при работа и процената на ризиците
- Обезбедување информации и обука

# Спроведување и правни лекови

- Безбедни, фер, ефективни и родово-респонзивни механизми за пријавување и решавање спорови (внатрешни и надворешни)
- Соодветни и ефективни правни лекови
- Поддршка и заштита од одмазда
- Права на работниците да се тргнат во случај на непосредна и сериозна опасност
- Доверливост
- Поголемо овластување за трудовите инспектори и другите органи
- Санкции и советување
- Прибирање и објавување статистики

# Насоки и обука

- Вклучување на насилството и вознемирувањето во релевантните политики
- Подигнување на свесноста
- Родово-респонзивни наставни планови и програми
- Обезбедување насоки, ресурси и обука на работниците, работодавачите и другите релевантни органи (судии, трудови инспектори...)
- Подготовка на материјали за новинари и друг медиумски персонал

# Промотивни алатки

## Дел 2

# Глобална комуникациска кампања




За поддршка на активностите за комуникација, од страницата **ilo.org/C190** може да се преземат промотивни материјали



# Промотивни материјали

### Call to Action stamp




### SM Templates




### llustrated Messages




### Infographic




### Web Banner




### Word Template




2

### PowerPoint Template




### Email Signature

### Virtual backgrounds




### Infofilm



# ИнфоФилм

Click here to play

# Извор на информации

Конвенција бр. 190 за елиминирање на насилството и вознемирувањето во светот на работата

Препорака бр. 206 за елиминирање на насилството и вознемирувањето во светот на работата



International
Labour
Organization

# Благодарам!

#RATIFY
C190